**Епизода 1**

1. **Што значи поимот „Медиумска писменост“ и зошто обуките за медиумска писменост се важни за повозрасните лица?**

***Најавна шпица***

**ВОДИТЕЛ:** Добре дојдовте во „Медиумска писменост 101," нова радио-програма со 8 епизоди, чија цел е да ги едуцира и оспособи слушателите како да се движат низ медиумскиот простор на критички и информиран начин.

**ВОДИТЕЛ:** Во оваа епизода, ќе го дефинираме поимот „Медиумска писменост“ и неговото значење и важност во денешно време.

***Звук 1: Дефиниција на поимот „Медиумска писменост“***

**ВОДИТЕЛ:** Медиумска писменост е всушност способност критички да пристапиме кон анализа, евалуација и креирање на медиумите. Медиумската писменост значи и разбирање на процесот на продукција, дистрибуција и примање на медиумските информации, како и свесност за различните гледишта, предрасуди и стереотипи кои медиумите ни ги претставуваат.

***Звук 2: Важност на медиумската писменост***

**ВОДИТЕЛ:** Медиумската писменост е една од познајачните видови на писменост во денешно време. Со „бумот“ на дигиталните и социјалните медиуми, ние сме постојано „бомбардирани“ со информации и често пати ни претставува проблем да определиме во која информација да веруваме, а во која не. Медиумската писменост ни го овозможува токму тоа: да ги селектираме информациите и да ги пронајдеме релевантните и вистинските информации кои ни се потребни. Исто така ни овозможува да се снаоѓаме низ медиумскиот свет како информирани и активни граѓани.

***Звук 3: Колку е важна медиумската писменост за повозрасните лица***

**ВОДИТЕЛ:** Свесни сме за штетата која што настана благодарение на дезинформациите низ минатите години, особено дезинформациите поврзани со Ковид пандемијата, како и лажните вести од политичката сфера. Истражувањата кои беа спроведени во текот на изборите во САД во 2016 година, само ни потврдија дека повозрасните луѓе се повеќе склони кон верувањето во лажните вести и дезинформациите. Тоа се должи и на фактот што повеќето повозрасни лица не владеат толку добро со социјалните медиуми како помладите генерации, така што самиот процес на идентификување на спонзорираните и манипулативните информации може да биде навистина тежок. Когнитивниот пад на менталните способности во процесот на стареење исто така игра

голема улога. Сите информации потекнуваат од некаде, но како што старееме, имаме се повеќе и повеќе информации складирани во нашиот ум, така што забораваме од каде сме ги слушнале или прочитале информациите кои ги споделуваме со други лица. (Brashier & Schacter, 2020). Истражувањата исто така покажуваат дека, како што старееме, колку почесто ни се повторува некоја информација, толку сме повеќе склони да веруваме во неа, (Skurnik et al., 2005), и и покрај тоа што сме стекнале знаење во текот на нашите животи кое би можело да ни помогне при селектирањето на информациите, повозрасните генерации се сепак повеќе лековерни кон социјалните медиуми, што дополнителни ги прави уште поранливи и подложни на измами.

Тоа не значи дека треба да се сомневаме во веродостојноста на сите информации кои ни се пласирани онлајн. Интернетот е навистина неверојатен извор на информации и средство за социјална интеракција кое станува навистина важно и потребно како што растеме и созреваме. Тоа може да биде навистина корисно во повеќе ситуации, особено за оние кои живеат изолирани од другите или се спречени да излегуваат поради физички проблеми- неподвижност.

За многумина, социјалните медиуми претставуваат начин за поврзување со нивното семејство или пријатели кои живеат далеку од нив и истите имаат голема улога во општеството и заедницата.

***Звук 4: Гостин говорник***

**ВОДИТЕЛ:** Па, како можеме да се „наоружаме“ себеси со знаење околу тоа како да „суфраме“ низ онлајн светот на безбеден начин и да се заштитиме себеси од лажни вести и онлајн злоупотреби? ............ од DiSeRa е тука со нас да ни објасни околу тоа како овој проект ќе го постигне тоа и што ќе работиме низ наредните 7 недели.

***Звук 6: Заклучок***

**ВОДИТЕЛ:** Во следната епизода ќе зборуваме околу тоа како медиумите функционираат и ќе зборуваме за различните видови на медиуми кои ги среќаваме во нашето секојдневие. Ќе зборуваме и за улогата на медиумите во општеството и различните гледишта и стереотипи кои можат да бидат претставени во медиумите.

**ВОДИТЕЛ:** Приклучете се наредната недела во втората епизода од „Медиумска писменост 101."
Во меѓувреме, не заборавајте да го проверите нашиот вебсајт за повеќе информации и корисни линкови и извори поврзани со медиумската писменост.

***Одјавна шпица***

**ВОДИТЕЛ:** Ви благодариме што се приклучивте во нашата емисија „Медиумска писменост 101."
До следно видување, останете информирани, љубопитни и медиумски писмени.

*Завршна музика*